# ПУШТИ ЈА ЛЕЛО МОРИ ТОДОРКА




I

Пушти ја лело мори Тодорка, (2 пати)
двајца на лозје лело, да одиме. (2 пати)

II

Двајца на лозје лело, да одиме, (2 пати)
вишни, череши, лело, да береме. (2 пати)

III

Како да ја пуштам Ѓорѓи Тодорка, (2 пати)
не ли сме пусто, леле, роднина? (2 пати)

IV

Длабоко море лело, дно нема (2 пати)
убаво моме лело, род нема. (2 пати)

V

Ако ја с' очи мамо погледнам, (2 пати)
очите да ми лело, истечат. (2 пати)

VI

Ако ја с' рака лело, пофатам, (2 пати)
раката да се лело, исуши. (2 пати)

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986